Слободан
Тимчевски

# Моменти 2



Слободан Тимчевски е роден во 1974 во Куманово.
Завршил средно уметничко училиште во Скопје.
Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје во 1999 година, во класата на проф. Рубенс Корубин.
Во моментов е на магистерски студии по графички дизајн на Универзитетот ФОН во Скопје.
Работи како наставник во ООУ "Браќа Миладиновци" во Куманово.
Адраса: Егејска Македонија 19А 5-8, 1300 Куманово, Р. Македонија
E-mail : timcevski_s@hotmail.com
Тел: +389 75 438 465

**Самостојни изложби:**
2003 - Куманово, НУ Музеј - Уметничка галерија
2009 - Куманово, НУ Музеј - Уметничка галерија
2017 - Куманово, НУЦК "Трајко Прокопиев"
2017 - Куманово, НУ Музеј - Уметничка галерија



**Позначајни групни изложби:**
Струшко културно лето - Струга 1996, 1997, 1998, 1999
Млади хераклејски вечери - Битола 1996, 1997, 1998
Крањска Гора - Словенија 1999
Љубљана - Словенија 2000
Сарајево - БиХ 2000
Кумановски ликовни уметници - Куманово 2000 до 2017
Интернационална ликовна колонија "Куманово" 2007, 2008, 2012, 2015
"Уметноста може" - Тетово, Скопје 2002
Icons Collection - Скопје 2005
Интернационална ликовна колонија - Нирнберг, Германија 2005
Интернационална ликовна колонија "Карпино " - Куманово 2007, 2016

**Позначајни колонии:**
Драгоманце - Куманово 1995, 1996
Ложани - Струга 1995
Дрслајца - Струга 1996, 1997, 1998
Вишни - Струга 1999
Интернационална ликовна колонија "Acta Non Verba", Крањска Гора - Словенија 1999
Интернационална ликовна колонија "Куманово" 2000, 2008, 2012, 2015
Ликовна патувачка колонија "Уметноста може" 2002
Ликовна колонија "Кичево" 1997, 2003
Ликовна колонија "Делиблатски Песок" - Панчево, Р.Србија 2003, 2008
Интернационална ликовна колонија "Карпино", Куманово 2007, 2016
Ликовна колонија "Мостови Балкана" - Крагујевац, Р. Србија 2003
Ликовна колонија "Плавна", Нови Сад, Р. Србија 2007
Интернационална ликовна колонија - Нирнберг, Германија 2005



Нанижани нишки / Strung up Threads
2017
50x60 цм / акрил на платно



И на јаве и на сон
In Reality and Dreams
2017
50x40 цм
акрил на платно

Длабок сон
Deep Slumber
2017
60x80 цм
акрил на платно



Светулки
Fireflies
2017
35x25 цм
акрил на платно



Летна возбуда
Summertime Thrill
2017
50x40 цм
акрил на платно





Цвету мој
Flower of Mine
2017
40x50 цм
акрил на платно

Хоризонт
The Horizon
2017
60x50 цм
акрил на платно








Функционална убавина
Functional Beauty
2017
50x60 цм
акрил на платно

Чудесен предел
A Wondrous Landscape
2017
40x50 цм
акрил на платно








Во градина
In the Garden
2017
50x40 цм
акрил на платно



Една унија
A Union
2017
40x50 цм
акрил на платно



Цветна композиција
Flowery Composition
2017
50x40 цм
акрил на платно

Женска игра
A Woman's Play
2017
60x80 цм
акрил на платно





Скриен момент
A Hidden Moment
2017
100x80 см
акрил на платно



Пред ноќта
Before the night
2017
50x60 см
акрил на платно






Портрет со повеќе лица
A portrait of many faces
2017
50x60 цм
акрил на платно

Слободан Тимчевски е автор кој и припаѓа на генерацијата на спремни и созреани автори (станува збор за релативно млад уметник роден 1974 година ), кој одново, со новиот циклус слики наречен " Моменти 2 ", успешно одговори на предизвикот по втор пат оваа година да и се претстави на нашата јавност.

Новиот визуелен циклус, со одредени поместувања во начинот на ликовното изразување, претставува продолжение на претходно реализираните и презентирани преку изложбата "Моменти"(2017), тематски идеи и содржини.

Иако глобалното видување на неговиот опус (пред сите, се мисли на делата од неговата прва и втора самостојна изложба), најчесто ги асимилира главните специфики на сецесионистичкиот исказ: (од герм.Sezession )или арт нуво ( фр.Art Nouveau – нова уметност ), познат и под името југендстил, (Stile Liberty во САД и тн.), орнаментиката и тенденцијата кон изобилие од цветни и други флорални мотиви, необични бои, ритмични линии и бранувања; сега, една изострена опсервација ќе препознае неколку тематски и стилски различја. Со издржани и веќе потврдени квалитативни нормативи, во дел од новиот пакет дела, можеме да забележиме дека авторот остварил одредена стилска кохерентност и препознатливост на автентичниот сликарскиот израз ("Цветна композиција", "Во градина"),во кој очигледно тој добро се чувствува; додека, во неколку други платна пристап кон темата подразбира интересни синестезии на различни предизвици од други уметнички струења (стритартистички индиции), па затоа истите имаат повеќедимензионални ракурси на дескрипција.

Во конкретната нова продукција, делата, повеќе во себе не ја кријат "задскриената" еротичност во структурно изразната содржина. Пристапот кон темата подразбира визуелно експлицитен спој на сложени ликовни естетики во кои се испрепетуваат јасни, декоративно-контрастни подрачја со вулгарни, апстарктно-асоцијативни специфики ("Женска игра", "Лево, десно и обратно").Предадени со богата колористички комплементарна скала и рамномерен, логички подреден и регуларен ритам на елементите: линијата и формата, овие дела имаат заеднички именител: повторливост на заоблените облици како податни симболики кон атрибутите на женското тело. Наместа тие се директни, но не атакуваат, а наместа се предадени со опскурна, скоро ахроматска тонска скала со забележлива мистичност и интимизам ("Скриен момент"). Станува збор за рефлектирани " слики на меморијата - моменти " ( предели од сонот и имагинацијата, потсетување на детството, носталгија), фундирани според законот на дводимензионалната рамнина. Во однос на композицискиот распоред на елементите се издвојуваат и дела во кои Тимчевски, со градација на формата (поставена во вертикална насока) и тонот (хроматскиот и ахроматскиот), успешно остварил илузија на третата димензија.

Сето ова наведува на констатација дека Слободан Тимчевски, во оваа серија на ликовни дела успешно се служи со различен стилски вокабулар и естетски израз. Тој ни нуди динамични апстрактно-асоцијативни композициски солуции, како и фигуративни решенија, кои имаат примеси на симболичност, со естетска но не и морална преокупација. Сите заедно поседуваат својство на временски минливиот МОМЕНТ, кој вака материјализиран, трае во делото.

**Драгана Спасковска, историчар на уметноста**

Издавач: Национална установа Музеј, Куманово
За издавачот: Богдан Таневски
Организација: Драгана Спасковска
Текст: Драгана Спасковска
Дизајн на каталог : Милена Петров
Печати : Графотекс-Куманово
Тираж: 200

Поддржано од Министерство за култура на Република Македонија

МУЗЕЈ КУМАНОВО